Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 28. 04. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2511/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ

## од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДОО Скопје, емитувана на 27 април 2014 година

***Утврдени прекршувања:***

<u>1. Член 76-б став 3 од Изборниот законик</u> (при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта)

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 27.04.2014 | 14:11:45-14:12:44 | Се емитува прилог од гласањето на Стевче Јакимовски (Коалиција ГРОМ) и негово директно обраќање (од 14:12:11 до 14:12:44), со што е прекршена одредбата од Изборниот законик согласно која при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат аудио-визуелни материјали во кои учествуваат учесници во изборите, како и изјави од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта. |
| | 14:14:50-14:18:51 | Се емитува прилог со аналитичарот Насер Зибери, наизменично илустриран со визуелни снимки од митинзите на ДУИ, ДПА, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и др. со што е прекршена одредбата од Изборниот законик согласно која при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите. |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, на 27 април 2014 година, на програмата на Трговско радиодифузно друштво ТВ Ера ДОО Скопје, во вонредни Вести (насловени: ИЗБОРИ), се емитуваат прилог од гласањето на Стевче Јакимовски (Коалиција ГРОМ), со негово директно обраќање, и прилог со аналитичарот Насер Зибери, наизменично илустриран со визуелни снимки од митинзите на ДУИ, ДПА, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и др.

*Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*